# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**19 Февруари 2015**
**Скопје**
**Број 2, година X**
**contact@kiselavoda.gov.mk**


## Скопје, Февруари 2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Заклучок за усвојување на Квартални извештаи
К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-квараtлен извештај за извршување на
Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период
(кумулативно) за квартал од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година; -К2-квартален
извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела
Вода -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое
Задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општ

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-815/1**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.61/04, 96/04 и 67/07) расправајќи по Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2014 година до 30.09.2014 година ; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пелнарна седница одржана на 19 февруари 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2014 година до 30.09.2014 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1. Се усвојуваат Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2014 година до 30.09.2014 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски работи.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 09-1112/3**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Одлука за изменување и дополнување на
Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот
Бр.07-1200/4 од 04.07.2005 година
(„Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005)

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот Бр. 07-1200/4 од 04.07.2005 година („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005), донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/1**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), а во врска со член 6 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" број 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12 и 188/13), член 26 и 27 од Законот за град Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004, 158/2011), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница, одржана на 19 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот Бр.07-1200/4 од 04.07.2005 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005)

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот, донесена од Советот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" број 8/05), во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

"Пропорционалната стапка за пресметување на данок на имот на подрачјето на Општина Кисела Вода, како сопствен извор на приход на Општината,се утврдува според видот на имотот на следниот начин:

- За станбени згради (станови и станбени куќи), изнесува 0,10%;
- За деловни згради (погони, магацини, хали и стоваришта), деловни простории (дуќани), административни згради и административни простории, изнесува 0,15%, од кој 0,10% се распоредува во сооднос 50% за Град Скопје и 50% за Општина Кисела Вода, додека остатокот од 0,05% е приход на Општина Кисела Вода;"

Во ставот 3 од овој член зборовите "Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот што ја пропишува Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Методологија за процена на пазарната вредност на недвижен имот донесена од Министерот за транспорт и врски."

**Член 2**

Во останатиот текст на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот ("Службен гласник на Град Скопје" број 8/05), останува непроменета.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кисела Вода"

**Број 09-1112/4**
**19 февруари 2015 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советна Општина Кисела Вода**

**С к о п ј е** **Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Заклучок за усвојување на Извештајот
за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност
во Општина Кисела Вода во 2014 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/3**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 05/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2014 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница, одржана на 19 февруари 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.
2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
3. Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 09-1112/5**
**19 февруари 2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советна Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Заклучок за усвојување Извештај на централна
пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода
со состојба на ден 31.12.2014 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот на централна пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода со состојба на ден 31.12.2014 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/4**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) расправајќи по Извештајот на централна пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода со состојба на ден 31.12.2014 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница, одржана на 19 февруари 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се усвојува Извештајот на централна пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода со состојба на ден 31.12.2014 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Градоначалникот и до Секторот за финансии.

3. Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

**Број 09-1112/6**
**19 февруари 2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Одлука за издвојување на финансиски средства
како помош од Општина Кисела Вода
во санирање на последиците од поплавите
во поплавените подрачја од Република Македонија

1. Се објавува Одлуката за издвојување на финансиски средства како помош од Општина Кисела Вода во санирање на последиците од поплавите во поплавените подрачја од Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/5**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Биљана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06) расправајќи по Извештајот на централна пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода со состојба на ден 31.12.2014 година, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седница, одржана на 19 февруари 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

За издвојување на финансиски средства
како помош од Општина Кисела Вода
во санирање на последиците од поплавите
во поплавените подрачја од Република Македонија

**Член 1**

Како финансиска помош од Општина Кисела Вода за санирање на последиците од поплавите во поплавените подрачја во Република Македонија, резултат на поројните дождови, се издвојуваат финансиски средства во износ од 500.000,оо денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2015 година, програма АО - Совет на општина, подставка 412110 - Постојани резерви (непредвидливи расходи), и истите да се уплатат на сметката за донации - Фонд за солидарност на Црвен Крст на Република Македонија со бр.300000001327966 депонент Комерцијална Банка АД Скопје, за кои финансиски средства Црвен Крст на Република Македонија е должен на Општина Кисела Вода да и достави извештај за насочените средства.

**Член 3**

Оваа Одлука да ја изврши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за финансиски прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

**Број 09-1112/7**
**19 февруари 2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Решение за избор на членови
на Совет на млади на Општина Кисела Вода

1. Се објавува Решението за избор на членови на Совет на млади на Општина Кисела Вода, донесено на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/6**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 34 и 68-г став 4 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06 и бр.15/14) и член 3 став 2 од Одлуката за основање на Совет на млади на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.15/14) , Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и петтата пленарна седницата одржана на ден 19 февруари 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За избор на членови
на Совет на млади на Општина Кисела Вода

**Член 1**

Со ова Решение се врши избор на членови на Совет на млади на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За членови на Совет на млади на Општина Општина Кисела Вода се избираат:

- Александар Ничев
- Ана Ризовска
- Симона Прличкова
- Владимир Митев
- Мартин Милошевски

**Член 3**

Мандатот на членовите на Совет на млади на Општина Општина Кисела Вода трае 4 години.

**Член 4**

На членовите на Советот на млади на Општина Кисела Вода не им следува никаков надоместок.

**Член 5**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

**Број 09-1112/8**
**19 февруари 2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За објавување Одлука за измена на распоредот на средствата
во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2015 година

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2015 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 19 февруари 2015 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

**Број 08-1428/7**
**2.03.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на

РМ бр.5/2002), а во врска со член 32 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008), Советот на Општина Кисела Вода на 25-та пленарна седница одржана на 19.02.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

### За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина КИСЕЛА ВОДА за 2015 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **КИСЕЛА ВОДА** за 2015 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431210 | Централно греење | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањетово Службен гласник на Општина **КИСЕЛА ВОДА** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

**Број 09-1112/9**
**19 февруари 2015 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Кисела Вода**
**Трајче Донев с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2014 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.2014 година до 31.12.2014 година; - К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое Задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините........................................................................................3

2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на стапките на даноците на имот Бр.07-1200/4 од 04.07.2005 година („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005)..........................................................................................................................5

3. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2014 година...............................................................7

4. Заклучок за усвојување Извештај на централна пописна комисија за извршен попис во Општина Кисела Вода со состојба на ден 31.12.2014 година.................................................9

5. Одлука за издвојување на финансиски средства како помош од Општина Кисела Вода во санирање на последиците од поплавите во поплавените подрачја од Република Македонија...........................................................................................................................11

6. Решение за избор на членови на Совет на млади на Општина Кисела Вода............12

7. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2015 година.........................................................................................................15